**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 05-1656/2
Датум: 16.08.2016 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 51 од Правилникот за внатрешните односи ираработењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, и член 72 од Правилата за студирање на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје-Факултет за електротехника и информациски технологии–Скопје бр. 02-924/1 од 12.5.2015 г. а во врска со Известувањето бр. 09-1656/1 од 16.08.2016 година од Институтот за телекомуникации, деканот донесе

# О Д Л У К А

за давање стипендии во прва година

1. Институтот за телекомуникации на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје им дава стипендија (од расположливите средства на Институтот) во висина од надоместокот на партиципација од 200 евра, во денарска противвредност, на пет студенти пријавени за упис во прва година во учебната 2016/2017 година, на студиската програма телекомуникации и информациско инженерство (ТКИИ), кои при уписот ќе бидат највисоко рангирани и при тоа да оствариле минимален успех од 95 поени од средно образование.

2. На студентите кои ќе остварат просечен успех од најмалку 9,00, ќе им биде продолжена стипендијата и во наредната студиска година.

3. На секој корисник на стипендијата утврдена во точка 1 му се издава посебно решение. Примерок од решението да се чува и во досието на студентот.

4. Примерок од одлуката да се достави до: Службата за студентски прашања, студентска огласна табла, веб страницата, продеканот за настава, сметководството и архивата на Факултетот.

Д е к а н
Проф. д-р Миле Станковски

Изработил:
Апостолова Ѓ. Б.

Контролирал:
Раководител на сметководство

Одобрил:
Продекан за финансии